ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

СУ бр. 07-31/21-2

24.12.2021 година

Битола

Судскиот администратор на Основен суд Битола, Силвана Дејаноска, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 33/15,98/18,61/16 и 198/18), а по спроведената постапка по Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Виш судски референт- извршител во писарница 2 (два) извршители, по доставениот Предлог за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување СУ бр. 04- 62/21-2 од 23.12.2021 година, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

### За избор на кандидати за унапредување на судски службеник

За работно место - Виш судски референт- извршител во писарница 2 (два) извршители, категорија ,,Г,, ниво ,,Г-2,, шифра СУД 0101Г02001, по интерниот оглас на Основен суд Битола 01/2021 се избираат кандидатите:

Валентина Илиевска и

Билјана Петковска

Решение за унапредување на избраните кандидате ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиено известувањето на Министерство за финансии бр. 18-10235/2 од 03.12.2021 година и согласност од Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-890/6 од 07.12.2021година за обезбедени финансиски средства, од страна на Основен суд Битола на веб страната на судот на ден 14.12.2021 год. беше објавен Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Виш судски референт- извршител во писарница 2 (два) извршители.

Во законски предвидениот рок за ова работно место беа доставени 2-две пријави.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување спроведена е постапка за административна селекција и составен е записник СУ бр. 04-62/21-2 од 23.12.2021 година.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно член 5 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ... („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2020), изврши интервју со кандидатите, за што состави записник Су бр. 04-62/21-2 од 23.12.2021 година.

После спроведеното интервју, од страна на Комисијата за селекција за унапредување составена е конечна ранг листа и до Судскиот администратор доставен е Предлог за унапредување СУ бр.04-62/21-2 од 23.12.2021 година со кој се предлага унапредување на кандидатите Валентина Илиевска и Билјана Петковска.

Судскиот администратор, согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција за унапредување одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Судски администратор

Силвана Дејаноска

---------------------------------------

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8-осум дена од приемот на известување за извршен избор, преку овој суд, до Совет на судска служба во Врховен суд на РСМ.

ДНА: Валентина Илиевска и Билјана Петковска, архива, на огласна табла на судот, да се објави веб страната на судот.